26127

Вечер, Скопје, 28. 11. 1980, 5180, 14,

СРЕДБА СО СЛИКАРКАТА АНА ТЕМК

# БЛЕСОКОТ НА СТАРАТА АР

**● ПОВОДОТ ДА СЕ ЗАФАТАМ СО СЛИКАЊЕ НА СТАРАТА АРХИТЕКТУРА ИЗЛЕЗЕ ОД МОЈАТА РАСЧУВСТВУВАНОСТ ПОРАДИ НЕПРЕСТАЈНОТО ИСЧЕЗНУВАЊЕ НА ОНАА НЕПОВТОРЛИВА АРХИТЕКТУРА ШТО СМОГНАЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ ДА ОПСТОИ, НИ РЕЧЕ АНА ТЕМКОВА**



АНА ТЕМКОВА

**ВО ИЗЛОЖБЕНИОТ САЛОН** на Центарот за култура и информации во Скопје деновиве е во тек десеттата јубилејна самостојна изложба на истакнатата македонска сликарка Ана Темкова која на тема: „Стара архитектура: фасади“ овој пат се претставува со 28 слики работени во маслена техника.

Вчера во Изложбениот салон поведовме разговор со Ана Темкова при што првенствено се интересиравме за поводите и побудите за нејзината определба за оваа тема.

**ПОВОДОТ ДА СЕ ЗАФАТАМ** со сликање на старата архитектура, ни рече Ана Темкова, едноставно произлезе од мојата безмерна расчувствуваност поради непрестајното исчезнување на онаа неповторлива архитектура што ете некако смогнала низ вековите да опстои сè до овие наши дни, но која, со секој ден што изминува, неповратно ја снемува, носејќи ја со себе во заборав и небиднина сета своја древна елегантност и волшебна привлечност. Сопрво, оваа архитектура почнав само необврзно да ја забележувам, да ја скицирам, но со текот на времето од оваа тема бев докрај обземена, посебно од широкиот репертоар на ликовни проблеми што ги нудеше таа. Првата слика на оваа тема ја создадов во 1969 година и сè до 1976 година одвреме — навреме на вракав кон ваквите мотиви, а во последниве две — три години бев во целост препуштена на оваа тема и токму во овој период е настаната главнината од моите творби презентирани на оваа изложба.

— Во првите творби работени во рамките на оваа тема, продолжи Ана Темкова, куќите од таа стара архитектура содржат многу податоци, кои во најновите творби, особено во презентирањето на фасадите, се сведени на минимум и моето ликовно интересирање е свртено кон компактноста на фасадната белина од која се воздига и напира блесокот на старата архитектура. Мотивите за моите творби се земени од Охридско, Струмичко, Кратовско, Крушевско, а и од некои други поднебја. Овие куќи од старата архитектура не ги портретирав со цел за да го сочувам спомeнот за нив, туку пред сè затоа што оваа архитектура премногу ме привлече со својата неповторливост. А тоа што моите творби на некој начин ќе го сочуваат спомeнот за овие куќи ми причинува посебно задоволство. Седум од овие куќи што се на моите платна веќе ги нема, а блиско е времето кога ќе ги снема и другите. Ке останат само спомените од овие некогашни храмови на човековото секојдневие.

**ОВАА ИЗЛОЖБА НА АНА ТЕМКОВА** во почетокот на април ќе биде пренесена и презентирана и во Уметничката галерија во Куманово, а по повод 8 Март Ана Темкова ќе се претстави со самостојна изложба и во Кавадарци на која ќе бидат застапени и дел од овие творби.

**АНА ТЕМКОВА ЗАВРШИ** Академија за ликовна уметност во Белград во 1966 година, а во текот на 1969 година специјализираше мозаик во Равена, Италија. Добитник е на голем број награди за врвни остварувања во областа на ликовната уметност, а во 1978 година беше добитник на Октомвриската награда на СРМ.

Т. Ширилов